**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ**
**објавува**

# КОНКУРС

**за студентски мобилности за комбинирани интензивни програми**
**(BLENDED INTENSIVE PROGRAMMES - BIP)**
**во рамки на програмата ЕРАЗМУС+**

## АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ

**за академската 2025/2026 година**

Во рамки на програмата **ЕРАЗМУС+ КА131** на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје распишува конкурс за доделување стипендии за учество на студенти во **комбинирани интензивни програми** (**Blended Intensive Programmes** - **BIP**) на високообразовните институции **во програмските држави:**

- државите членки на ЕУ;
- државите членки на ЕФТА кои се и членки на ЕЕО (Норвешка, Исланд и Лихтенштајн);
- Република Србија и Република Турција.

**Времетраење на комбинираната интензивна програма за студенти:**

Комбинираните интензивни програми (Blended Intensive Programme – BIP) се состојат од задолжителна виртуелна/онлајн компонента и мобилност во времетраење од минимум 5 работни дена, а максимум 30 работни дена.

**Целокупната комбинирана интензивна програма (вклучително виртуелната компонента и мобилноста) мора да заврши најдоцна до 29 јули 2026 година.**

**Право на пријавување**

Редовни студенти на:

- прв циклус студии, со најмалку завршена прва година на студии, односно запишан трет семестар;
- втор циклус студии;
- трет циклус студии.

Програмата се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори меѓу УКИМ и високообразовни институции во програмските држави. (**Види листа на Еразмус+ договори**)

Листата на активни **комбинирани интензивни програми** (Blended Intensive Programmes - BIP) може да се најде на официјалната вебстраница на Европската комисија:
https://erasmusbip.org/list-of-bips/

**Начин и рок на пријавување**

**Пријавувањето започнува веднаш по објавувањето на Конкурсот.**

Изборот на кандидатите се врши **според редоследот на доставувањето на целосните апликации од страна на факултетот/институтот** до Ректоратот, на принцип на приоритет според редослед до пополнување на бројот на расположливите мобилности и средства.

**Повикот се затвора на 1 јуни 2026 година или порано, доколку се исцрпат расположливите мобилности.**

**Потребни документи за мобилност на студентите во рамки на комбинирани интензивни програми (BIP)**

Сите документи за аплицирање се достапни на вебстраницата на Универзитетот: https://ukim.edu.mk/studenti/studentski-mobilnosti/erazmus/ или вебстраницата на факултетот:

- пополнет формулар за пријавување (Student Application Form);
- уверение за положени испити на македонски јазик;
- уверение/диплома за познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата на ЕУ-универзитетот, издадена од признат центар/школа за странски јазици;
- уверение за редовен студент - запишан семестар/година (на македонски јазик);
- кратка биографија (Europass model);
- мотивациско писмо.

Задолжително:

- **договор за студирање** (Learning Agreement for studies), во кој се утврдува програмата на комбинираната интензивна програма, потпишана и одобрена од страна на студентот, матичниот факултет/Еразмус+ координаторот и факултетот во странство (**минимум 3 ЕКТС**)

Кандидатите за комбинираната интензивна програма, лично ја поднесуваат апликацијата **во три примероци** до Еразмус+ координаторот на факултетот/институтот каде што студираат.

*(Еден примерок за Еразмус+ координаторот, еден примерок задржува студентот и еден примерок се доставува до Ректоратот на УКИМ)*

(Види листа на Еразмус+ координатори по факултети).

Согласно со Еразмус-повелбата за високо образование 2021-2027, при селекцијата на кандидатите ќе се води сметка за вклучување на **студентите со посебни потреби и помалку можности.** (**Види: Инклузија (поддршка) на студенти со посебни потреби и помалку можности**)

Висината на Еразмус+ грант за студентите изнесува 79 ЕУР на ден за мобилност од 5 до 14 дена, додека за мобилност од 15 до 30 дена грантот изнесува 56 ЕУР на ден. За патните трошоци на студентот му следува паушален надомест утврден според оддалеченоста на универзитетот-домаќин. (**Види линк: Надомест на патни трошоци**)

Здравственото осигурување го покриваат лично студентите.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**